Република Македонија
Национална установа - Манифестација
"СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА"
Бр. 02-1331/4
12.06 2015 год.
СТРУГА

Врз основа на член 36 став (1) точка 1, а во врска со член 25 став (1) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14 и 61/15), Управниот одбор на Националната Установа Манифестација „Струшки вечери на поезијата“ Струга на седницата одржана на ден 12.06.2015 година, донесе:

# С Т А Т У Т
## на Националната Установа - Манифестација „Струшки вечери на поезијата“ Струга

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

*Предмет на уредување*

**Член 1**

(1) Со овој Статут се уредуваат називот, седиштето, правната положба, застапувањето, дејноста, работата, организацијата, раководењето, управувањето, финансирањето, информирањето и обезбедувањето јавност во работата и други прашања утврдени со Законот за културатаи друг закон, што се од значење за работењето на Национална Установа Манифестација „Струшки вечери на поезијата“ Струга (во понатамошниот текст: НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга).

(2) Министерот за култура дава согласност на статутот од ставот (1) на овој член.

*Назив и седиште*

**Член 2**

(1) Целосниот назив на НУМ„Струшки вечери на поезијата“ Струга гласи: Република Македонија, Национална установа – Манифестација „Струшки вечери на поезијата“ Струга.

(2) Скратениот назив на НУМ„Струшки вечери на поезијата“ Струга гласи: “Република Македонија, НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга“.

(3) Седиштето на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга е во Струга, ул. „Браќа Миладиновци“ бр.5.

*Основач и сукцесија*

**Член 3**

(1) НУМ„Струшки вечери на поезијата“ Струга е основана од Владата на Република Македонија, со Одлука за утврдување на мрежата на националните установи од областа на културата („Службен весник на Република Македонија”бр. 84/03 и 13/11).

(2) НУМ„Струшки вечери на поезијата“ Струга е правен следбеник на установата „Струшки вечери на поезијата“ Струга, основана од Собранието на општина Струга, со одлука број 01-1355/1 од 24.02.1966 година и запишана во регистарскиот суд во Битола под УС број 97/66 година.

*Правна положба*

**Член 4**

(1) НУМ „Струшки вечери на поезијата" Струга е непрофитна национална установа од областа на културата.

(2) НУМ „Струшки вечери на поезијата" Струга има својство на правно лице, запишано во Централниот Регистар на Република Македонија.

(3) Во правниот промет со трети лица НУМ „Струшки вечери на поезијата" Струга настапува во свое име и за своја сметка, а за своите обврски одговара со сите средства со кои располага и за целиот износ на обврските.

(4) НУМ „Струшки вечери на поезијата" Струга може да го промени видот, називот и седиштето, како и да изврши статусни измени (спојување, припојување, поделба и издвојување) само по претходна одлука на Владата на Република Македонија.

*Печат и штембил*

***Член 5***

(1) Во своето работење НУМ „Струшки вечери на поезијата" Струга употребува печат и штембил.

(2) Печатот има форма на круг, со пречник од 32 мм по чија внатрешна страна, полукружно, со кирилско писмое испишан текстот: "Република Македонија, Национална установа- Манифестација „СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА", а во долниот дел е напишано седиштето на Националната установа "Струга", а во средината - грбот на Република Македонија.

(3) Штембилот е со форма на правоаголник со должина од 60 мм и широчина од 32 мм и ~~на~~ него на кирилско писмое испишано: во горниот раб текстот "Република Македонија", под него во втор ред текстот "Национална установа", под кој во трет ред стои текстот "Манифестација", под кој со големи букви следува текстот "СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА". Под него, во средината, има ознака "Бр.______________" и под неа линија за внесување на датумот "_______________ год.", под која стои називот на седиштето "Струга".

(4) Печатот и штембилот од ставовите (2) и (3) на овој член ги чува и употребува овластено лице, задолжено за водење на архивата со решение од директорот на НУМ „Струшки вечери на поезијата" Струга.

(5) Лицето од ставот (4) на овој член и директорот на НУМ „Струшки вечери на поезијата" Струга се одговорни за правилното чување и употребата на печатот и штембилот од ставовите (2) и (3) на овој член.

(6) Начинот на употребата, чувањето и ракувањето со печатот и штембилот од ставовите (2) и (3) на овој член се утврдува со одлука на Управниот одбор на НУМ „Струшки вечери на поезијата" Струга.

*Заштитен знак*

**Член 6**

(1) НУМ „Струшки вечери на поезијата" Струга има заштитен знак - Златен венец.

(2) Заштитниот знак од ставот (1) на овој член се состои од венец со две низи, секоја со по 20 ливчиња жолто-златна боја кои обгрнуваат стилизирана претстава на Земјата со меридијани и напоредници.

(3) Начинот и условите на користење на заштитниот знак од ставот (1) на овој член се утврдуваат со одлука на Управниот одбор на НУМ „Струшки вечери на поезијата" Струга.

*Застапување и претставување*

**Член 7**

(1) Во правниот промет со трети лица, НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга го претставува и застапува директорот, без ограничувања.

(2) Друго лице може да го претставува и застапува НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга само врз основа на писмено овластување (полномошно), издадено од директорот.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член, полномошникот го застапува и претставува НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга во границите на даденото полномошно.

*Овластени потписници на сметките*

**Член 8**

(1) НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга има буџетска сметка за единка корисник на Буџетот на Република Македонија.

(2) Овластен потписник на Буџетската сметка на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга е директорот, без ограничување.

(3) Управниот одбор на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга може со одлука да определи втор потписник или повеќе други потписници на жиро-сметките, односно трезорските потсметки на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга.

(4) Во случаите од ставот (3) на овој член, Управниот одбор на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга со истата одлука ги утврдува начинот на потпишувањето и евентуалните ограничувања на износите до кои тие потписници можат да потпишуваат.

## II - ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИЈА

**1.Дејност**

*Основна дејност*

**Член 9**

(1) Дејноста на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга е од областа на изведувачката уметност (шифра 90.01), односно реализација на меѓународната манифестација „Струшки вечери на поезијата“.

(2) Дејноста од ставот (1) на овој член е од национален интерес.

(3) Во рамки на основната дејност од ставот (1) на овој член, НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга ги врши следните функции:

1. Организирање и јавно презентирање на домашни и странски автори и дела за зајакнување на меѓународните врски во областа на литературата и културата;
2. Организирање на изведби и настапи од областа на културата во Републиката и во странство и за афирмација на поети од Република Македонија во светот и на светски поети во Република Македонија;
3. Организирање на манифестации од областа на културата на веќе објавени домашни и странски дела и поетски изведби од областа на културата и
4. Вршење и други работи согласно со закон и овој статут.

(4) Проширување на дејноста и други статусни промени на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга може да се направат со измена на овој статут и согласност од основачот односно Владата на Република Македонија.

*Дополнителна дејност*

**Член 10**

(1) Покрај основната дејност, НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга ги врши и следните дополнителни дејности:

1. Помошни дејности во изведувачката уметност (шифра 90.02);
2. Уметничко творештво (шифра 90.03);
3. Дејности на објектите за културни манифестации (шифра 90.04)
4. Друго печатење (шифра 18.12);
5. Услужни дејности во врска со печатење и објавување (шифра 18.13);
6. Репродукција на снимени медиуми (шифра 18.20);
7. Издавање на книги (шифра 58.11);
8. Издавање на списанија и периодични публикации (шифра 58.14);
9. Други издавачки дејности (шифра 58.19);
10. Трговија на мало со книги во специјализирани продавници (шифра 47.61) и
11. Трговија на мало со половни стоки во специјализирани продавници (шифра 47.79).

(2) Во рамки на дополнителните дејности од ставот (1) на овој член, НУМ„Струшки вечери на поезијата“ Струга ги врши следните функции:

1. Организира и поставува повремени изложби, во соработка или за потребите на други правни и физички лица;

2.Отстапува архивски, библиотечен материјал, и уметнички дела кои се поверени на чување во НУМ„Струшки вечери на поезијата“ Струга, со времен карактер, согласно позитивните законски прописи;

3.Организира и одржува филмски, театарски, музички и други приредби;

4.Изработува и продава реплики, копии и репродукции на добрата од своите збирки, издава, печати и умножува проспекти, плакати, разгледници, дијапозитиви, фотографии и други носачи на информации со пропагандно-промотивна намена и во деловни цели согласно позитивните законски прописи;

5.Издава под закуп изложбени простории и друг деловен простор за предавање, приредби и изложби на други физички и правни лица согласно позитивните законски прописи;

6.Овозможува користење на архивски материјал за потребите на стручно научната работа и за други потреби согласно позитивните законски прописи;

7.Издава под закуп опрема и друг инвентар за музички и сценски настани согласно позитивните законски прописи;

8.Отстапува права за објавување, прикажување и репродукција на документацијата изготвена за добрата од своите збирки и дава согласност за репродуцирање и користењето на библиотечниот, архивскиот и друг материјал како јавно добро во деловни, воспитно-образовни и промотивни цели согласно позитивните законски прописи;

9.Остварува програмска, деловна и техничка соработка со субјекти од третиот сектор и со други стопански. производни, услужни и деловни субјекти;

10.Планира и презентира сопствена документарна филмска продукција;

11.Ги иницира, негува и насочува донаторските иницијативи и

12.Врши и други работи кои произлегуваат согласно позитивните законски прописии и општите акти на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга.

## III. Организација на работењето

*Организациона поставеност*

**Член 11**

(1) Работењето на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга се организира преку организациони единици и работни места во нивниот состав, кои поблиску се утврдуваат со Правилник за организација на работата и Правилник за систематизација на работните места.

(2) Со правилниците од ставот (1) таксативно се утврдува обемот, организацијата и природата на работните задачи во организационите единици, како и потребниот број извршители, за нивно извршување.

(3) Вршењето на работите на вработените како давателите на услугите во НУМ„Струшки вечери на поезијата“ Струга се уредува во согласност и со Законот за културата и соодветниот закон за дејноста, а вршењето на правните, сметководствено-финансиските, административно-стручните и општите работи се организира во организационите единици согласно со прописите за административни службеници и вработените во јавниот сектор и прописите од областа на културата.

## IV - ОРГАНИ НА РАКОВОДЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ

### 1.Орган на раководење

*Директор*

**Член 12**

(1) Орган на раководење на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга е директорот.

(2) Директорот на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга ги врши следниве работи:

- Ја води работата на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга;
- Ја застапува НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга и одговара за материјално-финансиското работење и за законитоста и економичноста на нејзината работа;
- Донесува годишна програма за работа на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга по претходна согласност на Управниот одбор;
- Ги извршува одлуките на Управниот одбор;
- Ја организира реализацијата на Годишната програма;
- Донесува акт за систематизација и организација на работните места;
- Донесува акти во врска со работниот однос на вработените согласно со закон;

- Формира уметнички совет и други советодавни тела (трајни и повремени), согласно со статутот;
- Склучува договор со кој ангажира надворешно лице како уметнички советник согласно закон, во рамките на одобрените средства за работа на НУМ„Струшки вечери на поезијата“ Струга;
- Поднесува годишен извештај за работа и финансиското работење на НУМ„Струшки вечери на поезијата“ Струга;
- Донесува годишен план за вработување за следната година по претходно мислење на Министерството за информатичко општество и администрација и претходна согласност од Министерството за култура;
- формира Комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплинска неуредност или дисциплински престап;
- Донесува решенија за дисциплински мерки согласно закон;
- Одобрува службени патувања во земјата и странство;
- Раководи со организирањето и спроведувањето на подготовките за одбраната;
- Се грижи за правилно и навремено информирање на вработените и јавноста;
- Издава упатства и донесува наредби, решенија и други поединечни акти согласно со закон;
- Обезбедува услови за непречен пристап и вршење на управен и инспекциски надзор, ревизија и друг вид контрола на работењето на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга од страна на надлежните органи и
- Врши и други работи согласно со закон и овој статут.

(3) Правата и обврските меѓу директорот и Министерството за култура се уредуваат со менаџерски договор согласно со Законот за културата.

**Член 13**

(1) Директорот на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга се избира по пат на јавен оглас, што се објавува преку средствата за јавно информирање.

(2) Директорот на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга се избира за време од четири години и може повторно да биде избран.

(3) Огласот за директор го распишува Министерството за култура, согласно со општите услови утврдени со Законот за културата и посебните услови утврдени со овој Статут.

(4) Министерот за култура го избира и разрешува директорот на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга, најдоцна три месеци пред истекот на мандатот на претходниот директор.

(5) Директор избран од редот на вработените лица во НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга по истекот на мандатот или при престанок на мандатот, истиот се прераспоредува на работното место кое му мирува или на друго работно место соодветно на степенот на неговата стручна подготвка.

**Член 14**

За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува општите услови утврдени со Законот за културата и посебните услови утврдени со овој Статут, односно лицето треба:

1) да е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на избирањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција или забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) да има минимум пет години работно искуство во областа на културата;
4) да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен високо образование во областа на книжевноста;
5) да има еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
   - ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,
   - ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
   - ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
   - ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
   - БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или,
   - АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2);

6) да има положено психолошки тест и тест за интегритет.

7) да достави програма за работа на институцијата за период од четири години.

8) да има искуство во работење со домашни и странски културни институции (агенции за книги, фондации, културни совети и други институции за поддршка на културата) и

9) да има искуство во организација и раководење на културни настани во земјата и странство.

**Член 15**

Директорот на НУМ „Струшки вечери на поезијата" Струга должен на секои шест месеци да доставува извештај до министерот за култура на начин утврден со Законот за културата.

**Член 16**

Директорот доколку утврди неправилности во работата на НУМ „Струшки вечери на поезијата" Струга должен е да превземе мерки за отстранување на тие неправилности, а по потреба може да формира стручна комисија за разгледување на одреден случај.

**Член 17**

Директорот на НУМ „Струшки вечери на поезијата" Струга може да биде разрешен и пред истекот на мандатот за кој е избран во случаи утврдени со закон.

**Член 18**

(1) Во случај кога не е избран директор или предвреме му престанал мандатот, министерот за култура, именува вршител на должноста директор на НУМ „Струшки вечери на поезијата" Струга, без објавување на оглас, од редот на вработените во НУМ„Струшки вечери на поезијата" Струга.

(2) Вршителот на должноста ги има сите права и обврски на директорот на НУМ „Струшки вечери на поезијата" Струга.

(3) Вршителот на должноста директор се именува за време до изборот на директор на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга, а најдолго за шест месеци.

**2. Орган на управување**

*Управен одбор*

**Член 19**

(1) Орган на управување на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга е Управниот одбор.

(2) Управниот одбор на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга го сочинуваат 5 преставници кои ги именува и разрешува министерот за култура, од кои тројца се преставници од редот на истакнати поединци од областа на културата, еден е од локалната самоуправа и еден е преставник од вработените на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга.

(3) Претседателот и членовите на Управниот одбор на НУМ„Струшки вечери на поезијата“ Струга се именуваат за време од 4 години врз принцип на стручност и компетентност и може повторно да бидат именувани.

(4) На претседателот и на членовите на Управниот одбор на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга им следува соодветен надоместок што го определува министерот за култура.

**Член 20**

(1) Со работата на Управниот одбор раководи претседателот на Управниот одбор.

(2) Управниот одбор работи и одлучува на седници со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

(3) Членовите и претседателот се должни да присуствуваат на седниците на Управниот одбор.

(4) За својата работа, Управниот одбор е одговрен пред Министерот за култура.

**Член 21**

Управниот одбор на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга:

1. Донесува статут;
2. Ги утврдува политиката и принципите за развој и работа на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга;
3. Дава согласност на годишната програма на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга по предлог на директорот;
4. Го усвојува годишниот извештај за работата на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга по предлог на директорот;
5. Дава согласност на актот за организација на работата и систематизација на работните места на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга;
6. Донесува документи за финансиското работење на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга, согласно со прописите за материјално и финансиско работење;
7. Одлучува во втор степен за решенија што ги донесува директорот за правата и обврските на вработените од работен однос, и за дисциплински мерки и други решенија, согласно закон;

8. Дава образложен предлог на министерот за култура за разрешување на директорот;
9. Донесува деловник за својата работа;
10. Го следи остварувањето на годишната програма за работа на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга;
11. Донесува правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас, по предлог на директорот;
12. Донесува правилник за формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување и начинот на нивно бодување, по предлог на директорот;
13. Донесува правилник за поблиските критериуми за спроведување на оценувањето на давателите на јавни услуги во културата согласно законот за културата член 77-к став (2), висината на паричната или друг вид материјална или нематеријална награда, намалувањето на плата или распоредување на работно место на пониско ниво, по предлог на директорот;
14.Донесува други акти согласно со овој статут и со закон;
15.Еднаш годишно доставува извештај за својата работа до Министерството за култура и
16.Врши други работи утврдени со закон и статут.

**Член 22**

Претседателот и членовите на Управниот одбор можат да бидат разрешени пред истекот на мандатот доколку работат спротивно на закон или НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга не ја остварува својата функција.

**Член 23**

Начинот на работата, одлучувањето, правата и должностите на Управниот одбор, како и постапката и условите за предвремено разрешување на претседателот и членовите се регулираат со Деловник за работа на Управниот одбор.

**3. Стручни тела**

*Уметнички совет*

**Член 24**

(1) За разгледување на определени прашања од стручен карактер, директорот на НУМ„Струшки вечери на поезијата“ Струга може со решение да формира уметнички совет.

(2) Со решението од став (1) на овој член се определува составот, делокругот на работа и мандатот на уметничкиот совет.

(3) Со седниците на уметничкиот совет претседава директорот на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга.

**Член 25**

(1) По потреба, директорот може да основа стручни и советодавни комисии и други работни тела.

(2) Мандатот и делокругот на членовите на комисијата ги определува директорот на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга во согласност со правилниците и други општи акти. Во случај кога со нив не е прецизно определено, мандатот трае 1 година.

(3) За член на Комисијата едно лице може да биде избрано повеќе пати.

(4) Комисијата за својата работа одговара пред на директорот на НУМ„Струшки вечери на поезијата“ Струга, и е должна да му поднесува извештај.

## V –РАБОТНИ ОДНОСИ

**Член 26**

На правата, обврските и другите прашања од областа на работните односи на вработените во НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга се применуваат одредбите од Законот за културата и прописите за јавната администрација, за работните односи и колективните договори склучени во согласност со закон.

## VI - ОПШТИ АКТИ

*Други општи акти*

**Член 27**

(1) Одредени прашања од работењето на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга поблиску се уредуваат со правилници и други општи акти, во согласност со закон и овој статут.

(2) Во смисла на став (1) на овој член, во НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга се донесуваат особено:

1.Правилник за организација на работата и Правилник за систематизација на работните места;
2.Годишен план за вработување согласно закон;
3.Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас;
4.Правилник за формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување и начинот на нивно бодување;
5. Правилник за поблиските критериуми за спроведување на оценувањето на давателите на јавни услуги во културата согласно законот за културата член 77-к став (2), висината на паричната или друг вид материјална или нематеријална награда, намалувањето на плата или распоредување на работно место на пониско ниво;
6. Правилник за заштита при работа;
7. Правилник за заштита од пожар;
8. Правилник за издавачка дејност;
9. Правилник за доделување на наградата „Златен венец“;
10. Правилник за доделување на наградата „Мостови“;
11. Правилник за доделување на наградата „Браќа Миладиновци“;
12. Правилник за доделување на наградата „Енхалон“;
13. Правилник со мерила и критериуми за авторски и други надоместоци;

14. Деловник за работа на Управниот одбор;
15. Деловник за работа на Уметничкиот совет и
16. Други акти кои произлегуваат од овој статут или закон.

(3) Актите на НУМ „Струшки вечери на поезијата" Струга мора да бидат во согласност со Уставот, важечките законски, подзаконски прописи и овој Статут.

**Член 28**

(1) НУМ „Струшки вечери на поезијата" Струга е должна на својата веб страница да ги објави проектите кои се реализираат во тековната година.

(2) НУМ „Струшки вечери на поезијата" Струга во првиот квартал од тековната година за претходната година доставуваат извештај до Министерството за култура за реализацијата на годишната програма, кој содржи наративен приказ за реализација на програмата, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури и конечен финансиски план со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање.

(3) НУМ „Струшки вечери на поезијата" Струга на својата веб страница, во првиот квартал во тековната година за претходната година, го објавува извештајот за реализацијата на годишната програма.

**Член 29**

Статутот на НУМ „Струшки вечери на поезијата" Струга и другите општи акти што ги донесува Управниот одбор на НУМ „Струшки вечери на поезијата" Струга, се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

**Член 30**

(1) Иницијатива за донесување на нов Статут или измени и дополнување на истиот може да поднесе:

1.Најмалку една третина од вкупниот број членови на Управниот одбор на НУМ „Струшки вечери на поезијата" Струга и

2.Директорот на НУМ „Струшки вечери на поезијата" Струга.

(2) Иницијативата од став (1) на овој член, во писмена форма се доставува до Управниот одбор на НУМ „Струшки вечери на поезијата" Струга.

(3) Управниот одбор е должен да ја разгледа иницијативата и по истата да донесе соодветна одлука.

(4) Одлуката од ставот (3) на овој член се доставува до подносителот на иницијативата.

**Член 31**

Измена и дополнување на Статутот и другите општи акти се врши по иста постапка како и за нивното донесување.

**Член 32**

Сите општи акти што се донесуваат во НУМ„Струшки вечери на поезијата" Струга се објавуваат на огласна табла, а влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето.

## VII – КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ, ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ОДБРАНАТА, ВОЕНА И ВОНРЕДНА СОСТОЈБА И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

***Класифицирани информации***

**Член 33**

(1) Класифицирана информација е информација која се заштитува од неовластен пристап или употреба и која се определува со степен на класификација согласно со закон.

(2) За класифицирани информации се сметаат документи и податоци кои:

- надлежен орган ги прогласил за класифицирана информација;
- како доверливи надлежен орган му ги соопштил на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга;
- во врска со одбраната се означени како класифицирани информации;

(3) Класифицирана информација претставуваат и документи кои се определени со прописите, а кои Управниот одбор ги прогласил за класифицирана информација.

(4) Документите и податоците што се сметаат за класифицирана информација се должни да ги чуваат сите работници на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга, додека се во работен однос, и по престанувањето на работниот однос во рок од три години.

(5) Документите и податоците што претставуваат класифицирана информација не можат да се даваат на увид без одобрение на директорот на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга.

**Член 34**

(1) Класификацијата на информациите се врши според нивната содржина од овластено лице, согласно законските прописи.

(2) Информациите кои не се наменети за јавна употреба, а со чие откривање би се намалила ефикасноста на работењето на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга добиваат ознака „за ограничена употреба“.

**Член 35**

(1) Критериумите, мерките и активностите за заштита и користење на класифицираните информации се определени согласно закон и Планот за заштита на класифицираните информации за вонредни состојби.

(2) НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга е должно да создаде услови неопходни за заштита на класифицирани информации и да преземе мерки за елиминирање на негативните последици, ако дојде до откривање на класифицираните информации.

(3) За ефикасно и координирано извршување на правата и обврските кои се однесуваат на класифицираните информации во НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга, се определуваат овластени лица кои треба да поседуваат безбедносен сертификат, кој им се издава за соодветен степен на класифицирана информација, согласно принципот „потребно е да се знае“.

(4) За давање на документи и податоци кои што се прогласени за класифицирани информации на трети лица, се води посебна евиденција, во која се евидентираат: името и презимето на лицето и називот на органот на кои им се соопштени податоците, односно им се дадени документите, видот на податоците, формата во која се соопштени и за каква цел и по чие барање се дадени.

(5) Евиденцијата од став (4) на овој член се смета доверлива и се чува на посебно безбедно место, во просториите на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга.

***Прашања поврзани со одбраната***

**Член 36**

(1) Класифицирана информација претставуваат податоците во документите од значење на одбраната.

(2) На документите кои претставуваат класифицирана информација, во зависност од нивното значење, во горниот десен агол им се става зборот „ОДБРАНА“, а под него им се одредува еден од следните три степени на тајност: „строго доверливо“ „доверливо“ или „интерно“.

**Член 37**

НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга изготвува документи, се организира и спроведува подготовки за одбрана, заштита, спасување и управување со кризи.

**Член 38**

НУМ„Струшки вечери на поезијата“ Струга, во соработка со Министерството за култура, го врши финансирањето на подготовките за одбрана, заштита, спасување и управување со кризи.

**Член 39**

По барање на Министертвото за одбрана на Република Македонија, НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга е должен да врши услуги кои се од посебно значење на одбраната.

***Воена и вонредна состојба***

**Член 40**

(1) Во воена или вонредна состојба, НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга, презема мерки за заштита и спасување на вработените и корисниците на услуги, кои ќе се затекнат во просториите на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга и нејзините објекти, како и спроведување на посебни мерки за заштита на материјалните добра и документите, материјалите и податоците кои претставуваат класифицирана информација и друга тајна.

(2) Вработените се должни во случај на воени конфликти или во случај на вонредна состојба заради природни непогоди и други несреќи, да се грижат за имотот на НУМ

„Струшки вечери на поезијата“ Струга. Задачите и обврските на вработените во вакви услови се определени согласно законот.

**Член 41**

Во делот на одбраната во НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга, директно се применуваат законските и подзаконските прописи за оваа област.

***Заштита на лични податоци***

**Член 42**

(1) При извршувањето на работните обврски, НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга има потреба од користење на личните податоци за вработените во НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга и посетителите на НУМ„Струшки вечери на поезијата“ Струга кои се користат согласно прописите за заштита на личните податоци.

(2) Личните податоци за вработените во НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга се собираат, обработуваат и доставуваат на трети лица согласно со закон, заради остварување на правата и обврските од работниот однос или во врска со работниот однос.

(3) Личните податоци за надворешните лица во НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга се собираат, обработуваат, употребуваат и по потреба доставуваат до надлежни органи, со цел за заштита на сопственоста на имотот, културното наследство и другите материјални вредности кои се наоѓаат во НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга.

**Член 43**

Личните податоци за вработените во НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга и надворешните лица, може да ги собира, обработува, употребува и доставува на трети лица, само директорот на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга и од него овластени лица.

**Член 44**

Заштитата на личните податоци се врши согласно со законските и подзаконските прописи и општите акти на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга.

## VIII - ЕВИДЕНЦИЈА

**Член 45**

(1) НУМ„Струшки вечери на поезијата“ Струга е должна да води: деловник, влезна книга, книга за влезни фактури, дневник, главна книга (книга на приходи и расходи и книга на средствата, обврските и изворите на средствата) и помошни книги за аналитичка евиденција (книга - попис на инвентарот, книга за попис на капиталниот имот, книга на благајната, книга на побарувањата и обврските и книга на изводи на сметката).

(2) НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга е должна да води и друг вид евиденција и документација на архивскиот материјал и предмети, во согласност со законските прописи од областа на канцелариското и архивското работење, други позитивни законски прописи, овој статут и соодветните актите на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга.

## IX – ФИНАНСИРАЊЕ

***Извори на средства***
**Член 46**

(1) Средствата за работа на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга се обезбедуваат од:

- Буџетот на Република Македонија, на начин и во постапка утврдени со Законот за културата и прописите за буџетско финасирање;
- Сопствени приходи од вршење услуги од нејзина надлежност;
- Донации на меѓународни организации или други домашни и странски правни и физички лица и
- Спонзорства, подароци, завештанија и други извори утврдени со закон.

(2) Сопствените приходи во смисла на став (1) алинеја 2 на овој член се обезбедуваат од:

- Влезници;
- Продажба на книги и друг вид публикации, сувенири, копии на предмети, ракотворби и слични предмети поврзани со дејноста на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга;
- Приходи од услуги и
- Договорни активности.

(3) Висината на цената на услугите во смисла на став (2) на овој член ги утврдува Управниот одбор на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга со одлука, со која се определува видот на услугата и надоместокот за нејзино извршување (ценовник).

## X – ИНФОРМИРАЊЕ

***Известување на вработените***
**Член 47**

(1) Известувањето на вработените во НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга се врши на начин достапен на секој работник.

(2) Известувањето во смисла на став (1) на овој член се врши преку огласна табла и непосредно од страна на раководните работници.

(3) На огласна табла се објавуваат општите акти на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга, поединечните акти на Управниот одбор на НУМ„Струшки вечери на поезијата“ Струга и на директорот на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга, соопштенија и други пишани акти.

(4) Раководните работници се должни редовно да ги информираат вработените за работењето на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга и постигнатите резултати, за актуелните состојби и отворените прашања, претстојните активности и слично, што се од интерес на вработените.

(5) На барање, секој вработен може да оствари увид во службената документација со одобрение на директорот на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга, со исклучок на документите што претставуваат класифицирани информации, заштитени лични податоци или се означени со друг вид и степен на тајност согласно со закон.

### *Известување на јавноста*
### Член 48

(1) НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга ја известува јавноста за своето работење преку средствата за јавно информирање и во согласност со прописите за слободен пристап до информации од јавен карактер.

(2) Известувањето во смисла на став (1) на овој член се врши преку посебни соопштенија, платени огласи, написи, разговори, учество во специјални емисии на електронските медиуми и слично.

(3) Известувањето на јавноста се врши и преку една или повеќе интернет страници на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга.

(4) Одговорно лице за давање информации на јавноста е директорот на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга или лицето што тој ќе го овласти согласност со прописите за слободен пристап до информации од јавен карактер.

## XI - ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### *Работно време*
### Член 49

(1) Работното време на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга го определува Управниот Одбор на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга со одлука, доколку со закон не е поинаку определено.

(2) Во оправдани случаи, по потреба, Управниот Одбор на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга може со одлука да определи поинакво работно време за одделни објекти, проекти, програми, акции или други активности, различно од работното време определено во смисла на став (1) на овој член.

### *Штрајк*
### Член 50

Неопходното ниво на процесот на работа во услови на штрајк се утврдува со одлука на Управниот одбор на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга, во согласност со закон и колективен договор.

### *Имот на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга*
### Член 51

(1) НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга има на користење/владение недвижен имот кој е во државна сопственост и тоа:

- Податоци за земјиште кое претставува КП бр. 1338 со вкупна површина од 639 м2 запишани во Имотен лист бр. 3859 за КО Струга;

-Простории кои се наоѓаат на КП бр. 1338, со вкупна површина од 297 м2, запишани во Имотен лист бр. 13859 за КО Струга и

-Деловен простор со површина од 86,24 м2 кој се наоѓа на КП бр. 12228 КО Центар 1 во ИЛ бр. 9217, во објектот на Градската установа Младински културен центар-Скопје, даден на трајно користење на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга со Одлука бр.

23-623/1 од 23.02.2004 година на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 9/04) (имот кој не е евидентиран во Агенцијата за катастар на недвижности).

(2) За движниот и недвижниот имот на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга се води книговодствена евиденција и истата се користи во согласност со прописите за располагање и користење со ствари во државна сопственост.

## XII - ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

*Усогласување на работата*

**Член 52**

НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга ќе ја усогласи својата работа со одредбите на овој Статут во рок од еден месец од неговото влегување во сила.

*Донесување на општите акти*

**Член 53**

(1)Правилникот за организација на работата и Правилникот за систематизација на работните места, усогласени со овој Статут, ќе се донесат во рок од еден месец од влегувањето во сила на овој Статут.

(2) Другите општи акти од член 27 став (2) на овој Статут ќе се донесат во рок од три месеци од влегувањето во сила на овој Статут.

*Престанување на постојниот статут*

**Член 54**

Со влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга донесен на седница на Управниот одбор одржана на ден 14.05.2004 година и Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга бр.03-72 од 15.01.2010 година.

*Влегување во сила на овој Статут*

**Член 55**

Овој статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла на НУМ „Струшки вечери на поезијата“ Струга, а ќе се објави веднаш по добивањето на согласност од министерот за култура.

Број _______

Дата __________ 2015 година

**Управен одбор на**
**НУМ „Струшки вечери на поезијата“**
**Претседател**
**Славе Ѓорѓо Димоски**

_______________________